# ОДРЖАН ЈАВНИОТ ПРОТЕСТ НА СОНК ПРЕД ВЛАДАТА

### ОДРЖАН ЈАВНИОТ ПРОТЕСТ НА СОНК ПРЕД ВЛАДАТА

## СОНК НЕ ОТСТАПУВА ОД БАРАЊАТА НА ЧЛЕНСТВОТО

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, како најброен гранскu синдикат, учествуваше на најавениот Јавен протест, организиран од страна на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија – КСС, како репрезентативен синдикат во јавниот сектор, кој што се одржа на 8-ми јуни оваа година.




КСС, секако и СОНК, во изминатиов период одржаа неколку регионални протести, во повеќе градови низ нашата држава, но истите останаа без резултати, односно Владата немаше слух за легитимните  барања на вработените од јавниот сектор и ниту еднаш не изрази спремност да разговара со синдикатот. Од тие причини се донесе одлука за организирање на овој масовен

протест. И во оваа прилика, да се потсетиме на Барањата, упатени до сите релевантни фактори во нашата држава, кои се :

- подигнување на степенот на социјалниот дијалог и партнерство со репрезентативните синдикати;
- безусловно почитување на законите и колективните договори;
- зголемување на платите во сите дејности, согласно зголемување на минималната плата на национално ниво, односно зголемување за 25%;
- учество на репрезентативните синдикати во планираните реформи во јавниот сектор, особено во образованието;
- во дејности каде што нема, склучување на колективни договори.

И покрај огромните индивидуални и генерални притисоци : на уредно поканетите медиуми за одржување на прес конференција на КСС и на СОНК, беа опструирани и немаше присутен ниту еден новинар. Со ваквата постапка цениме дека имаше обид за спречување на слободата на говорот и известување на јавноста и нашите членови за протестот. Исто така, денот на одржувањето на протестот- сабота, Владата го прогласи за работен ден за сите вработени во јавниот сектор од Скопје, со што уште еднаш се направи обид за опструкција, обид за да се спречат многу наши членови да излезат и јавно да го искажат своето незадоволство, пред се од социјалниот статус.
Протестот се одржа во Скопје пред Владата, на кој зедоа учество околу 6.000 членови на гранските синдикати при КСС, секако со најголем број на членови од СОНК.

Доколку во краток временски период нема резултати, по однос на барањата од страна на нашиот синдикат, Советот на СОНК ќе одржи седница, на која ќе бидат разгледани сите можни идни чекори и активности, кои СОНК ќе ги преземе за остварување на зацртаните барања, не исклучувајќи ја можноста и за носење Одлука за организирање и одржување на генерален штрајк во сите дејности што ги застапува нашиот синдикат.